ЗАПИСНИК

Од **25-та вонредна седница на Советот на Општина Новаци** одржана на ден **06.03.2023 година** со почеток во **11.00** часот во просториите на општинската зграда во с.Новаци.

На седницата од вкупно 9 членови на Советот Општина Новаци, присуствуваа 7 советници: Претседател, Славица Најдовска-Стојковска, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Љупчо Петровски, Сузана Јовановска, Иванчо Котевски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни и вработени во Општина Новаци: Градоначалникот на Општината, Стевче Стевановски, Анета Киселоска – раководител, Летка Јовановска – раководител.

Гости: Александар Стефановски-Директор на ЈПКД„ Комунална Хигиена“-Новаци.

Председателката на Советот, Славица Најдовска – Стојковска пред советниците даде објаснување за причината од свикување на вонредна седница, односно потсети за текот на неколкуте седници наназад, во кои се зборуваше за ситуацијата на ЈПКД ,,Комунална хигиена,,-Новаци. За да може да се покријат загубите на претпријатието, треба општината како основач на ЈКП да го субвенционира-за отплата на кредитот, во спротивно истото ќе биде блокирано и не ќе може да ги извршува основните дејности за кои е формирано.

По објаснувањето на Претседателката на Советот, се премина на гласање за оправданоста за свикување на вонредната седница на Совет.

Со **7 гласови за,** беше изгласана **оправданост** за свикување на вонредната седница.

По утврдување на оправданоста за свикување на Седницата, Претседателката на Советот, го прочита предложениот

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Завршна сметка на ЈПКД ,,Комунална хигиена,,-Новаци, за 2022 год. писникот од 21-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување на Барање за финансиски средства за подмирување на долг по основ на краткорочен кредит од ЈПКД ,,Комунална хигиена,,-Новаци.

Пред усвојувањето на Дневниот ред за 25–та вонредна седница на Советот на Општина Новаци, Летка Јовановска – раководител, на Одделението за комунални дејности, сообраќај.....му предложи на Советот да го прифати предлогот за дополнување на Дневниот ред со 2 нови точки, бидејќи е потребно да се донесат Одлуки во најбрз можен рок.

- Разгледување и донесување на Одлука за поништување на Одлуката за давање на Согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување на МЈП „ПЕЛАЛИНК“- Битола за 2023 год. бр. 14-202/7 од 28.02.2023 год.;

- Разгледување и донесување на Одлука за давање на Согласност на Годишниот план за вработување на МЈП „ПЕЛАЛИНК“- Битола за 2023 год.

Летка Јовановска: Минатата седница се донесе Одлука за давање на Согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување на МЈП „ПЕЛАЛИНК“- Битола за 2023 год. Директорот на МЈП „ПЕЛАЛИНК“- Битола побара да се донеси Одлука за нов Годишен план за вработување за 2023г., а не за измена и дополнување на постоечкиот план и тоа во најкраток рок бидејќи имал закажано состанок во

Министерството за информатичко општество и администрација, за достава на Планот со одлуките од трите општини основачи на меѓуопштинското јавно претпријатие (битола, Новаци и Могила).

Славица Најдовска-Стојковска им предложи на советниците да се прифати предлогот за дополнување на Дневниот ред со двете предложени точки и тоа како точка бр.3, и точка бр.4.

Дневен ред со предлогот за дополнување беше ставен на гласање и истиот беше усвоен со **7 гласови за.**

1 точка: Разгледување и усвојување на Завршна сметка на ЈПКД ,,Комунална хигиена,,-Новаци, за 2022 год.

Александар Стефановски-директор на ЈПКД„ Комунална Хигиена"-Новаци: На минатите седници доволно зборувавме за состојбата на јавното претпријатие, а тоа е отсликано во Завршната сметка за 2022 година. Во неа се гледа дека работиме во загуба.

По разгледување на Завршната сметка, Советот на Општина Новаци премина на гласање и со **7 гласови за,** донесе Одлука за усвојување на Завршна сметка на ЈПКД ,,Комунална хигиена,,-Новаци, за 2022 год.

2 точка: Разгледување на Барање за финансиски средства за подмирување на долг по основ на краткорочен кредит од ЈПКД ,,Комунална хигиена,,-Новаци.

Претседателка на Совет, Славица Најдовска-Стојковска: Претходно, донесувањето на Одлука за субвенционирање на јавното претпријатие не беше во согласност со Законот за јавни претпријатија, бидејќи претпријатиети и ако работи цело време во загуба, во Завршната сметка за 2021г. покажува добивка, од причини што приловот на средства на крајот од годината не бил сеуште распределен на доверителите, истиот е намирено во почетокот на наредната година. Оваа Завршна сметка за 2022г. покажува загуби во работењето и тоа е вистинската слика за состојбата на претпријатието и доколку ние како основачи не им дадеме пари за затворање на доспеаниот кредит, ќе ги блокираат и не ќе може да ги извршуваат основните дејности за кои се формирани.

По разгледување на на Барање за финансиски средства за подмирување на долг по основ на краткорочен кредит од ЈПКД ,,Комунална хигиена,,-Новаци, Советот на Општина Новаци со **7 гласови за**, донесе Одлука за субвенционирање на ЈПКД ,,Комунална Хигиена,, Новаци за отплата на кредит кон Стопанска Банка АД Битола.

3 точка: Разгледување и донесување на Одлука за поништување на Одлуката за давање на Согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување на МЈП „ПЕЛАЛИНК"- Битола за 2023 год. бр. 14-202/7 од 28.02.2023 год.;

Анета Киселоска: При подготовка на Решението за седница, веројатно од технички причини настанала грешка и се донесла Одлука за измена и дополнување на планот, наместо Одлука за давање на согласност на Годишниот план за 2023г.

Јас не го подготвувам Решението за свикување на седница на Совет, а немам ни увид во материјалите за свикување на седница и затоа не можам со сигурност да кажам зошто точката во Дневниот ред била формулирана како измена и дополнување на Годишниот план за вработување за 2023г.

Предлагам Одлуката за давање на Согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување на МЈП „ПЕЛАЛИНК"- Битола за 2023 год.

бр. 14-202/7 од 28.02.2023 год. да се поништи и да се донеси Одлука за давање на Согласност на Годишниот план за вработување на МЈП „ПЕЛАЛИНК“- Битола за 2023 год.

По излагањето на Анета Киселоска, точката бр. 3 беше ставена на гласање и со **6 гласови за, и 1 воздржан** беше донесена Одлука за поништување на Одлуката за давање на Согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување на МЈП „ПЕЛАЛИНК“- Битола за 2023 год. бр. 14-202/7 од 28.02.2023 год.

4 точка: Разгледување и донесување на Одлука за давање на Согласност на Годишниот план за вработување на МЈП „ПЕЛАЛИНК“- Битола за 2023 год.

Претседателка на Совет Славица Најдовска-Стојковска: За четвата точка беше дадено објаснување кога се разгледуваше 3та точка од Дневниот ред. Доколку имате дополнителни прашања повелете, ако не да се премини на гласање.

Бидејќи немаше повеќе прашања се пристапи кон гласање и со **6 гласови за, и 1 воздржан** беше донесена Одлука за давање на Согласност на Годишниот план за вработување на МЈП „ПЕЛАЛИНК“- Битола за 2023 год.

Бидејќи Дневниот ред беше исцрпен 25та вонредна седница се прогласи за завршена.

Записничар: Анета Киселоска

Претседател
на Совет на Општина Новаци
Славица Најдовска-Стојковска